Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL MUZEU I SHKENCAVE NATYRORE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP

Примено: E pranuar:	02-04-2021		
Орг. Един. Nj. org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlera
03	1461		

Бр. УП1 28-361/2020
23.02 2021 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02,82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19 и 154/19) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново

Р Е Ш Е Н И Е

1. За проекти од национален интерес во културата за 2021 година кои се содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа **ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ** за 2021 доставена до Министерството за култура под бр. УП1 28-361 од 29.07.2020 година **СЕ ИЗБИРААТ** следните проекти:

- од областа на **музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство:**

Р.бр.	Назив на Проектот	Износ денари
1.1	Изложба по повод 100 години од издавањето на првата книга за фосилни рбетници (Работен наслов)	100.000
1.2	Геолошки и палеонтолошки истражувања на значајни локалитети богати со природнио разнообразие	100.000
1.3	Флористички истражувања на ендемичните и реликтине растенија	50.000
1.4	Проучување и мониторинг на фаунистичните таксономски групи Amphilia, Reptilia и Gastropoda	120.000
1.5	Ноќни пеперутки (Lepidoptera>Noctuidae) од Македонија(Следење на состојбата , дополнување на збирката и документирање - трета фаза)	60.000
1.6	Маркетинг проект за финансирање на НУ Природонаучен музеј на Северна Македонија	100.000
1.7	Издавање на периодични публикации во Музејот	65.000
1.8	Конзервација и заштита на музејските материјали во изложбите и депоата на Музејот	100.000
	ВКУПНО	**695.000**

- од областа на **библиотечна дејност:**

Р.бр.	Назив на Проектот	Износ денари
1.1	Осовременување на библиотечниот фондОбука и едукација за користење COBISS.MK за непречено надополнување на библиографскиот систем и сервис COBISS.MK со цел пристап и проток на информации за библиотечниот фонд	30.000
	ВКУПНО	**30.000**

2. Проектот содржан во Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа **ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ** за 2021 доставена до Министерството за култура под бр. УП1 28-361 од 29.07.2020 година:

- од областа на **музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство:**

Р.бр.	Назив на Проектот
2.1	Едукација на деца од предучилишна и училишна возраст на флора , фауна и геа за 2021 година

- од областа на **Инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема:**

Р.бр.	Назив на Проектот
2.1.	Реновирање на административни простории

СЕ ОДБИВА.

3. Министерството за култура и директорот на националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на националната установа за 2021 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.

4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16и 11/18), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура доставува нацрт годишна програма за работа на установата. Во Нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за: програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат и средствата кои националната установа планира да ги оствари по други основи како

сопствени приходи, приходи од услуги и донации. Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура на ден 16.6.2020 година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за Националните установи од областа на културата за доставување на Нацрт годишна програма за 2021 година.

Националната установа **ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ**, со допис УП1 28-361 од 29.07.2020 година, до Министерството за култура достави Нацрт годишна програма за работа на установата за 2021 година.

Согласно член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во Нацрт-годишната програма одлучува министерот за култура на предлог на комисиите, односно надворешни соработници од член 11 став (4) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Македонија.

Комисијата за музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство за 2021 година, до министерот за култура достави Извештај бр. 31-2038/1 од 19.2.2021 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа **ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2021 година.

Комисијата за музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство за 2021 година, до министерот за култура достави Извештај бр. 31-2038/1 од 19.2.2021 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа **ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ** предложи проектот од точката 2 од диспозитивот на ова решение:

Р.бр.	Назив на Проектот
2.1	Едукација на деца од предучилишна и училишна возраст на флора , фауна и геа за 2021 година

да се одбие од следниве причини: Комисијата констатираше дека проектот се однесува на групни манифестации, едукации, конференции, без можност за онлајн реализација и врзан со одреден датум на одржување (прва половина на годината), нема адекватно и издржано објаснување, без јасна цел, проект во кои не можеше да се препознае интересот на националната култура и проект со не реален и неиздржан буџет.

Комисијата за библиотечна дејност за 2021 година, до министерот за култура достави Извештај бр. 09-2040/1 од 19.02.2021 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа **ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ** предложи проектот од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се избере за проект од национален интерес за културата за 2021 година.

Комисијата за **Инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема** до министерот за култура достави Извештај бр. 50-2050/1 од

19.02.2021 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на НУ Природонаучен музеј-Скопје го предложи проектот од точката 2 на ова решение да се одбие од следниве причини:

Р.бр.	Назив на Проектот
2.1.	Реновирање на административни простории

Не е компетно доставен и не е во согласност со приоритетите на Министерството за култура и не може да се утврди националниот интерес.

Согласно со член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата по претходна согласност на управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Согласно со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова Решение во рок од 30 дена од денот на неговото доставување може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

МИНИСТЕР
Ирена Стефоска

Доставено до:
-Националната установа
- архивата на Министерството за култура

Сектор за заштита на културното наследство:
Изработил:
Елизабета Јанкуловска, советник
Изработил и Проверил:
Зоја Андоновска, раководител на одделение
Согласен:
Оливера Јивриниќ, Помошник раководител на сектор
Afed Jashari, Помошник раководител на сектор
Одобрил: Диме Мацовски, државен советник

Подготви: Цветанка Јакимовска, виш соработник
Одобрил: Владимир Попоски, раководител на сектор
Согласен: Дарко Стефановски, државен советник